# „На секој сопственик на злато или сребро што не ги плаќа своите давачки, на Судниот ден, ќе му се исковаат огнени чаршафи

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „На секој сопственик на злато или сребро што не ги плаќа своите давачки, на Судниот ден, ќе му се исковаат огнени чаршафи, кои ќе се загреат во огнот џехенемски, и со нив ќе му бидат жигосани бочните страни, челото и грбот. Кога и да се изладат, ќе бидат загреани, тогаш еден ден ќе трае педесет илјади години, сè додека не се заврши судењето помеѓу Аллаховите робови, и секој ќе го гледа својот пат, или кон Џенетот или кон Џехенемот.“ Беше речено: „О Аллахов Пратенику, што е со камилите?“ Тој рече: „Исто така нема сопственик на камили кој не им ги дава нивните права, вклучително и правото да бидат молзени на денот кога ќе бидат напоени, а на Судниот ден, тие да не бидат положени на пространа рамнина, а камилите ќе бидат во поголема форма, нема да им недостасува ниту едно од нивните младенчиња, па ќе го газат со копитата и ќе го гризат со своите заби. Секогаш кога ќе се изредат од првата до последната, пак ќе му се вратат, во Денот чија должина е педесет илјади години, додека не заврши судењето помеѓу Аллаховите робови, и тој ќе го гледа својот пат, или кон Џенетот или кон Џехенемот. Беше речено: „О Аллахов Пратенику, што е со кравите и овците?“ Тој рекол: „И секој сопственик на крави или овци што не им го дава нивното право, а на Судниот ден, тие да не бидат положени на пространа рамнина, каде нема да недостасува ниедно од животните, нема да недостасуваат ниту тие со заоблени рогови ниту тие без рогови, ниту тие со преполовени рогови, туку сите тие (Ќе бидат потполни) па ќе го бодат и газат со копитата и ќе го гризат со своите заби. Секогаш кога ќе се изредат од првата до последната, пак ќе му се вратат, во Денот чија должина е педесет илјади години, додека не заврши судењето помеѓу Аллаховите робови, и тој ќе го гледа својот пат, или кон Џенетот или кон Џехенемот. Беше речено: „О Аллахов Пратенику, што е со коњите?“ Тој рече: „Има три вида на коњи: оние што се товар за човекот, оние што се заштита за човекот и оние што се награда за човекот. Што се однесува за тие што се товар за него, тој е човек кој ги поседува за да се покаже, да се пофали и да им наштети на муслиманите, и тие се тежина за него. Додека тие што се заштита за него, тоа е човекот кој ги користи во борба на Аллаховиот пат и притоа не ги заборава обврските да бидат јавани и за други намени, таквите коњи ќе му бидат заштита на сопственикот. Што се однесува до тие што се награда за него, тоа е човек кој ги користи на Аллаховиот пат за муслиманите, кои пасат на ливада или градина. Што и да јаде од таа ливада или градина, му се пишуваат добри

дела, според количината на она што го јаде, исто така ќе му се пишат добри дела, според количината на изметот и урината, како и за секоја истрчана должина и качување на висорамнина, Аллах ќе го награди со добрина според бројот на траги и количина на изметот. И доколку нивниот сопственик помине покрај река и коњот се напие од неа, иако тој тоа не сакал да го направи, Аллах ќе го награди според бројот на голтките.

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ги објаснил видовите на богатство и казната на Судниот ден за оние кои нема да плаќаат зекат, вклучувајќи: Прво: злато, сребро и слично, како и трговската стока, кои подлежат на зекат, но не е даден. Кога ќе настапи Судниот ден, тие ќе бидат истопени и излеани во плочи, ќе бидат вжарени од џехенемскиот оган, а нивниот сопственик ќе биде мачен со нив. Со нив ќе бидат жигосани неговите страни, челото и грбот. Кога и да се изладат, повторно ќе бидат загреани. Тој ќе биде во оваа состојба на мачење за време на Судниот ден, а неговото времетраење е педесет илјади години, додека Аллах не пресуди помеѓу луѓето и додека не пресуди дали тој ќе биде од жителите на Џенетот или од тие за во Џехенемот. Второ: Сопственикот на камили кој не го давал зекатот и давачките, вклучително и молзењето за сиромашните кои ги посетуваат. Овие камили ќе бидат донесени големи, дебели и побројни од кога било дотогаш. Нивниот сопственик ќе биде испружен пред нив на Судниот ден на широка, рамна земја. Ќе го газат со нозете и ќе го гризат со забите. Секогаш кога последната ќе помине покрај него, првата ќе му се врати. Тој ќе остане во оваа состојба на мачење во текот на Судниот ден, кој трае педесет илјади години, додека Аллах не пресуди помеѓу луѓето и додека не пресуди дали тој ќе биде меѓу жителите на Џенетот или од тие на Џехенемот. Трето: Сопственикот на кравите и ситна стока – овците и козите – чијшто сопственик не го плаќа задолжителниот зекат, ќе бидат доведени во голем број, без ништо да им недостасува. Нивниот сопственик ќе биде испружен пред нив на Судниот ден на широка, рамна земја, меѓу нив нема да има со криви рогови, ниту без рогови, ниту со скршени рогови. Наместо тоа, тие ќе бидат во својата најпотполна состојба, ќе го удираат со роговите и ќе го газат со своите нозе. Секогаш кога последната од нив ќе помине над него, првата од нив повторно ќе му се врати. Тој ќе остане во оваа состојба на мачење во текот на Судниот ден, кој ќе трае педесет илјади години, додека Аллах не пресуди помеѓу луѓето и не пресуди дали тој ќе биде меѓу жителите на Џенетот или од тие на Џехенемот. Четврто: Сопственици на коњи, кои се поделени во три категории: Првиот: Кому тие му преставуваат товар, а тоа е оној кој ги чуваше за да се фали со нив, заради гордост и да ги користи во борба против муслиманите. Вториот: Оној кому тие му се заштита, тоа е оној кој ги користел за борба на Аллаховиот пат, а потоа добро се однесувал со нив обезбедувајќи им сточна храна и сите други потреби, тука спаѓа и парењето со пастувите. Третиот: Е оној кој ќе биде награден за нив, а тоа е оној кој ги користел за борба на Аллаховиот пат за муслиманите, кои пасат на ливади и во градини, тие нема да изедат нешто а на спственикот да не му бидат запишани толкав број на добри дела колку тие јаделе, и исто така ќе му се пресметаат и нивниот измет и урината, за секое јаже кое ќе биде користено, за трчањето по височините, Аллах ќе го награди според бројот на неговите траги и количината на изметот. И ако нивниот сопственик помине покрај река, а тие се напијат од неа, иако тој не сакал да

ги напои, Аллах ќе го награди според бројот на голтките со кои коњите се напиле. Тогаш тој, салаллаху алејхи ве селем, бил прашан за магарињата: Дали и тие се како коњите? Тој одговорил: Ниту една законска регулатива не е објавена во врска со нив, освен овој ајет, кој е општ за сите видови послушност и непослушност. А тоа се зборовите на Возвишениот: „Тој што дури и трошка добро ќе стори – ќе го види, и тој што дури и трошка зло ќе стори – ќе го види!“ [Ел Зилзал: 7-8] Па, кој чува магариња од некоја добра причина, ќе ја види наградата за тоа, а ако го прави тоа заради некој грев, ќе ја види и казната за тоа, и ова правило ги опфаќа сите работи.

https://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/6611

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee